Врз основа на член 28-б став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15 и 30/16) министерот за образование и наука, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТУТОРСТВО НА УЧЕНИЦИ
# ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## I. ОСНОВНА ОДРЕДБА

### Член 1

Со Програмата за обезбедување туторство на ученици од основното образование (во натамошниот текст: Програмата) се уредува обезбедување туторство на ученици преку овозможување на пристап до бесплатни дополнителни часови за учениците запишани во шесто, седмо, осмо и девето одделение во основното образование.

Со оваа програма се овозможува студентите да развијат вештини за подучување на ученици, а учениците истовремено имаат можност за бесплатно и интерактивно подучување согласно своите индивидуални потреби.

Како тутор/волонтер се смета редовен студент кој доброволно подучува ученици од шесто, седмо, осмо и девеето одделение од основното образование.

Туторот/волонтер потребно е да ги исполнува критериумите за избор пропишани член 3 од оваа Програма.

## II. УЧЕСНИЦИ ВО ПРОГРАМАТА

### Член 2

Учесници во Програмата се:

*Тутор/волонтер* - редовен студент кој ги исполнува критериумите за избор на тутор/волонтер пропишани во оваа програмата и доброволно подучува ученици од шесто, седмо, осмо и девето одделение од основното образование;

*Ученици* од основното образование запишани во шесто, седмо, осмо и деветто одделение и

*Родители/старатели* на ученици во основното образование.

## III. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ТУТОРИ/ВОЛОНТЕРИ

**Член 3**

За да учествува во Програмата, потребно е студентот да ги исполнува следниве критериуми:

1. да е редовен студент,
2. да има просек од оценката/оценките од минимум осум по предметот/предметите за кои аплицирал за Програмата:
3. со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност

## IV. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ И ИЗБОР НА ТУТОРИ

**Член 4**

Студентот се пријавува за тутор/волонтер преку веб апликацијата за обезбедување на туторство на Министерството за образование и наука и своите услуги ги нуди на учениците запишани во шесто, седмо, осмо и деветто одделение во основнотото образование

Потребни документи за пријавување се:

1. Потврда дека во моментот на аплицирањето е редовен студент, издадена од факултетот на кој студентот студира;
2. Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и
3. Препорака/и од професор/професори (образец-ПОТ1 објавен на веб апликацијата за туторство на Министерството за образование и наука за подучување на ученици) со успехот/оценката од предметот/предметите, за кои студентот-тутор/волонтер сака да подучува ученици. од основното образование.

## V. КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА ТУТОРИ/ВОЛОНТЕРИ

**Член 5**

Комисијата за избор на тутори/волонтери ги врши следните работи:

1. Ја проверува приложената документација на студентите кои аплицирале за програмата за обезбедување на туторство ;
2. Врши интервју со студентите кои аплицирале за програмата за обезбедување на туторство и

3. Проценува дали пријавениот студент има потенцијал, знаење и комуникациски способности неопходни за подучување и туторство на ученици.

Комисијата за избор на тутори/волонтери ја сочинуваат:

- два претставника од Министерство за образование и наука (Сектор за основно и средно образование образование и Одделение за ученички и студентски стандард);
- еден претставник од Бирото за развој на образованието;
- еден наставник од основно образование;
- еден наставник од средно образование;
- еден универзитетски професор и
- еден психолог:

Студентите-тутори/волонтери кои ќе ги ги исполнат критериумите за учество во програмата ќе бидат повикани на интервју со Комисијата од став 1 на овој член.

Комисијата од став 1 на овој член својата работа ја усогласува со временската рамка на спроведување на активностите од член 7 од оваа Програма.

## VI. ПОРТАЛ/ВЕБ АПЛИКАЦИЈА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТУТОРСТВО НА УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ОД СТРАНА НА СТУДЕНТИ

### Член 6

Порталот/веб апликацијата за туторство содржи дата база на одбраните студенти - тутори од која родителите/старателите на учениците имаат можност да изберат кандидати за подучување на своите деца, по наставните предмети за кои сметаат дека со туторство нивните деца може да остварат повисоки резултати во учењето.

Студентот кој сака да подучува ученици, потребно е да се регистрира како тутор/волонтер на веб апликацијата за обезбедување на туторство.

Упатството за регистрација е објавено на самиот портал/веб апликација за обезбедување туторство.

Потребните документи за апликација од член 4 став 2 од оваа Програма, во скенирана форма, се прикачуваат на порталот/веб апликацијата од страна на студентот.

## VII. ВРЕМЕНСКА РАМКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

**Член 7**

| ВРЕМЕНСКА РАМКА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТ** | **1-30 септември** | **1-10 октомври** | **11-18 октомвр и** | **19-25 октомвр и** | **26 октомвр и-10 јуни** |
| Аплицирање од страна на студентите | ■ | | | | |
| Проверка на приложената документација од страна на комисијата | | ■ | | | |
| Интервју на туторите од страна на комисијата | | | ■ | | |
| Избор на тутор од страна на родителите | | | | ■ | |
| Оддржување на часови | | | | | ■ |

## VIII. СТУДЕНТ - ТУТОР/ВОЛОНТЕР

**Член 8**

Студентот-тутор/волонтер:

- одбира предмет/предмети по кои сака да подучува запишани во шесто, седмо, осмо и деветo одделение во основното образование ;
- прифаќа или одбива кој ученик ќе го подучува ;
- во договор со ученикот и неговиот родител/старател одлучува заеднички за термините на одржување на часовите за подучување;
- подучува најмногу по четири предмети, односно подучува најмногу четири ученици по еден предмет;
- оддржува најмалку еден училишен час седмично (за секој предмет за кој се согласил да подучува) во текот на периодот утврден со временската рамка за спроведување на активностите од член 7 од оваа Програма;
- да ги оддржува часовите во домот на ученикот под надзор на неговиот родител/родители, односно старател;

- професионално, совесно и чесно да ги оддржува часовите на ученикот/учениците за кои претходно се обврзал и

- дава поддршка и го поттикнува ученикот на дијалог соодветен на неговата возраст.

## IX. РОДИТЕЛ/СТАРАТЕЛ НА УЧЕНИКОТ

**Член 9**

Родителот /Старателот :

- одбира тутор/волонтер од порталот/веб апликацијата за туторство на Министерството за образование и наука за предметот/предметите за кои неговото дете има потреба од дополнителни часови;
- во договор со туторот/волонтер одлучува заеднички за термините на одржување на часовите за подучување;
- обезбедува услови во својот дом за оддржување на часовите од страна на туторот/волонтер;
- врши надзор над ученикот и туторот во времето на спроведување на подучувањето од страна на туторот/волонтер и
- го потврдува бројот на одржани часови преку апликацијата за туторство или е-дневник, по завршување на часовите утврдено според временската рамка од член 7 од оваа Програма.

**Член 10**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од 1 септември 2016 година.

**МИНИСТЕР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА,**

**Абдилаќим Адеми, с.р.**

Бр. 20-4665/2
29.02. 2016 година
С к о п ј е